РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

1409-1814
22.06.17

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 3. седница одржана на 29.05.2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Криминалистика" прв циклус студии н Факултет за детективи и безбедност, Прв приватен универзитет - ФОН - Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Криминалистика" прв циклус студии н Факултет за детективи и безбедност, Прв приватен универзитет - ФОН - Скопј** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области споре меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбат за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршењ високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/1 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од четири годин (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање: **Дипломиран криминалист,** Научно истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: Безбедносн науки, научно - истражувачка област: 50800 - 50835, 51600 - 51610.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за детективи и безбедност, прв циклус студиска програма „Криминалистика", на 07.02.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 3. седница одржана на 29.05.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
28.06.2017
03 1040/1 1

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Gorazd Rosoklija

Проф. д-р Горазд Росоклија